**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Сто дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 април 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 129-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ристана Лалчевска, Томе Тромбев, Ванчо Ѓоргиев, Рафет Муминовиќ, Петар Наумовски, Љубе Бошкоски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Сашко Кедев, Силвана Бонева, Слободан Најдовски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи, Абдилаќим Адеми, Назми Беќири, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Абудали Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**12 точка - Предлог на наставна програма за развој на образованието во Република Македонија 2005/2015 година**

Претресот по текстот на Предлогот на националната програма е заклучен.

Бидејќи треба да пристапиме кон гласање, а има 36 картички земено, што значи присутни во Парламентот, во меѓувреме, имам добиено допис од ВМРО-Народна партија дека бараат еден час пауза поради нивните активности.

Продолжуваме со седницата во 12,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,32 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ве молам, седнете на своите места.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Сега сме 61 пратеник.

Предлогот на националната програма го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник гласале 53 од кои 51 за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Националната програма за развој на образованието во Република Македонија период 2005/2015 година.

**Минуваме на точката 13 - Финансиски план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за 2006 година**

Финансискиот план и Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор. Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието го разгледа и одобри Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за 2006 година.

2.Овој заклучок заедно со Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Македонија да се доставаат до Македонска радио-телевизија, бидејќи немавме стенографски белешки.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам, влезете во салата, треба да гласаме.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, гласале 47 од кои 46 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 14 - Предлог на одлука за одобрување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2006 година**

Предлогот на одлуката, Годишниот финаниски план и Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник гласале 54 од кои 53 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2006 година.

**Минуваме на точката 15 - (Предлагач: група пратеници) Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и дописите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Апостоловски, претпоставувам како прв потпишан вие сте овластен предлагач, повелете, имате збор.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги.

Овој закон го предлагаат голем број пратеници, околу 60 пратеници се потпишани на овој Предлог на закон.

Со собирањето на шумските плодови се проценува дека се бават околу 50 000 семејни домаќинства во Република Македонија. Од овие приходи средства за егзистенција обезбедуваат околу 200 илјади лица и тоа претежно од ридско-планинските и неразвиените подрачја во Република Македонија. Со оваа дејност претежно се занимаваат невработени лица, лица кои немаат други средства за егзистенција, социјални случаи и сиромашни граѓани.

Со оданочувањето на приходите кои ги остваруваат физичките лица - собирачи на лековити билки и шумски плодови, не само што се задира во средствата за егзистенција на одделни семејства, туку се оневозможува целосно искористување на природните потенцијали од Република Македонија преку кои може да се оствари сериозен извоз.

Имено, купувачите на шумските плодови од европските земји се повеќе се насочуваат кон земјите во кои за приходите од оваа дејност на физичките лица не им се наплаќа односно не им се пресметува персонален данок на доход. Таков е примерот во Република Бугарија, Република Турција, Романија и во некои други земји бидејќи плодовите од овие земји имаат пониска цена од плодовите собрани во Република Македонија .

Сакам да нагласам дека од извозот на овие производи во изминатите години се остварува и девизен прилив од неколку милиони долари. Доколку се преземат соодветни мерки за негово стимулирање истиот може да достигне ниво како во најдобрите години кога од Република Македонија се извезувале шумски плодови во вредност од 20 до 30 милиони долари.

Од овие причини предлагачите ценат дека е потребно персоналниот данок на доход да не се плаќа на примањата остварени од физичко лице по основ на приходи од продажба на собрани лековити билки и шумски плодови, како што се предлага со дополнувањето на членот 6 од Законот за персонален данок на доход.

Од овие причини ги повикувам колегите да го поддржат овој Предлог на закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги,

Јас се приклучувам кон вашиот предлог за поддршка на овој Предлог на закон. Имав една забелешка, доколку може, да се дополни со полжавите. Многу луѓе исто како што берат шумски плодови и лековити билки, имаме откуп и на полжави, па мислам ако го прифаќате дали би било како амандман или дополнување на ова што е предложено, мислам дека треба да го земеме предвид и тоа затоа што ќе биде во контекст на ова што вие го предлагате.

Во секој случај го поддржуваме законот, а ако сте во можност тоа да го прифатите амандмански, мислам дека зависи од вас. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Андов, имате збор.

**Стојан Андов:** И ние господине претседателе го поддржуваме овој Предлог, само јас не можев да го најдам мислењето на Владата. Дали е тоа мој недостаток што го немам или не стигнало мислењето од Владата.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи јас не прочитав дека има и мислење на Владата, претпоставувам дека нема мислење. Јас прочитав што ви е доставено.

**Стојан Андов:** Бидејќи законот се однесува, тој е сериозен закон, мала е оваа промена, лошо е да биде без мислење од Владата, инаку јас ја поддржувам оваа промена. Да имаме некоја оценка да знаеме кој е ефектот, бидејќи не е даден ефектот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Ѓоргиев имате збор.

**Ванчо Ѓоргиев:** Затоа што се беше кажано, оваа измена е кратка и оди во насока на ослободување од данок на луѓето кои што досега собираа шумски плодови и лековити билки и е подржано и од позицијата и од опозицијата. Јас на некој начин се јавив за збор по дискусијата на господинот Стојан Андов, затоа што тој се осврна само со два збора: да, ние го подржуваме, ама каде е мислењето од Владата, не стигнало, јас не го видов итн, не задржувајќи се на оваа позитивна измена, не кажувајќи го мислењето по делот од измената на овој член, туку едноставно сакајќи да се...

**Љупчо Јордановски:** Господине Ѓоргиев, значи вие имате реплика?

**Ванчо Ѓоргиев:** Да, реплика.

Не задржувајќи се ниту со пет зборови по позитивните одредби, туку сакајќи да се изнесе во јавноста дека нема мислење. Владата најверојатно е против. Ние мислиме дека мислењето од Владата е негативно итн. Дајте доста демагогија. Да одиме практично, ако ова е позитивно и кое е потпишано од 40, 50 пратеници да се дискутира во насока како што дискутираше господинот Спиро Мавровски за подобрување на дел од текстот, подобрување на некоја одредба која што ќе придонесе за позитивното собирање, да кажеме, на шумски плодови и лековити билки, туку да престанеме политички мислењето од Владата какво било и како ние ќе гласаме итн.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Ова што сакам да го кажам може да се свати како контра реплика, ама не сакам да биде една минута.

**Љупчо Јордановски:** Сега одлучете се.

**Стојан Андов:** Се одлучив, се јавив за збор.

Јас кажав дека ние го подржуваме овој предлог и тука не е спорно. Меѓутоа, како што гледате

деновиве донесовме и други закони овде за кои сметаме дека се корисни, а не рековме дека правиме политика. Еве сега во јавноста избива веста дека Владата итно заседава, па тоа што ние сме го донеле бара од претседателот да не го потпише тој закон, указот за законот и некои такви работи. Јас точно тоа сакам, не е политичко прашање дали Владата ќе даде мислење, или не. Тоа е деловничко право на Владата и Владата треба да даде мислење. Ние овде треба да знаеме кога нешто донесуваме и дека сме убедени во тоа, да знаеме дека утре нема заради тоа во јавноста да не набедат како ние донесуваме самоволни закони за кои Владата после бара да не бидат потпишани, да не се објават итн. Тоа е сериозен однос. Ние мораме да бидеме сериозни до тој поглед. Нека биде Владата и против, нека биде и за. Наше е како ќе ги уважиме ставовите и мислењето на Владата. Но, тогаш откако ќе го видиме мислењето, и наша е и одговорноста после за тоа што ние го донесуваме. Овој закон и по мое мислење нема големи негативни ефекти на Буџетот и мислам дека Владата ќе даде позитивно мислење и тоа може да биде само корисно за овој предлог, за да не не набедат како ќе се замрзне аранжманот на Македонија со ММФ само заради тоа што ние набрзина овде донесуваме закони, па дури без мислење на Владата. Тие работи се сериозни. Ние како пратеници мораме сериозно да се однесуваме. Од никого јас не побарав да го промени своето мислење.

Јас ќе гласам за овој закон. Меѓутоа, сакам да бидам растоварен од можноста на вакви, или такви последици за државата, или во јавноста да бидеме набедувани како донесуваме политички закони во последен момент.

**Љупчо Јордановски:** Целиот ваш говор беше реплика.

Господине Ѓоргиев, иако беше реплика, а најавено како збор, имате три минути.

**Ванчо Ѓоргиев:** Сосема накратко. Пред не повеќе од два месеци овој закон за персонален данок на доход беше во Собранието. Очигледно господинот Стојан Андов затоа што ретко доаѓа во Собранието не следел дека слична група на пратеници имаше ист ваков амандман. Владата, односно министерот за финансии го одби овој амандман. Што значи дека мислењето од пред месец дена е познато какво било. И ние сега предлагаме измена и дополнување исто како што беше амандманот. Господинот Стојан Андов не бил присутен и тој не расправаше по овој амандман. Исто така господинот Апостоловски го образлагаше и тогаш за неколку гласа не помина.

Од тие причини е поднесено по втор пат и ние ќе го гласаме.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор. Расчистивме околу процедурата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за персоналниот данок на доход.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеници, 57 гласале, 56 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеници, 53 гласале, 53 за, нема вождрани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучуваме претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеници, 56 гласале, 55 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за персоналниот данок на доход.

Процедурално, господинот Андов.

**Стојан Андов:** Сакам овде да имаме аргументи кога донесуваме закони. Како може истиот Парламент за два месеци да гласа два пати на два сосема спротивни начини.

**Љупчо Јордановски:** Господине Андов, тоа е политичка расправа. Тоа заврши.

Порцедурално господинот Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Во контекст на мојата дискусија, јас предложив предлагачите на овој закон да прифатат амандман. По текстот на законот мислам дека не се кажа ништо. Дали имаме можност тоа да го регулираме, или сега ќе треба дополнително да се интервенира амандмански.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, крај на мандатот ни е. За четири години го научивме Деловникот на памет.

**Минуваме на точката 16 - Предлози за избор на членови на Советот за радиодифузија**

**Дали предлагачот е присутен?**

Господинот Каме Петров од здравствени причини не е присутен.

Предлозите за избор и дописот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата со кој известува дека ги повлекува предлозите Марјан Ѓуровски и Срećко Поповски да бидат избрани за членови на Советот за радиодифузија бидејќи тие ги повлекле своите кандидатури, ви се доставени, односно поделени.

Согласно Законот за радиодифузија Македонската академија на науки и уметности

предлага еден член, Универзитетската конференција предлага три члена, Здружението на новинарите на Македонија два члена и Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија предлага три члена на Советот.

Отворам претрес по предлогот Милован Стефановски да биде избран за член на Советот за радиодифузија.

Молам, кој бара збор.

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе, тука денеска ние треба да избереме предлог за членови на Советот за редиодифузија. Пред нас имавме три кандидати од кои што три кандидати беа предлог од нашата Комисија, собраниската. Од нив веќе двајца ги повлекуваат своите кандидатури. Јас друг допис во однос на тоа не добив. Вие сега кажувате, одиме да гласаме за она што е предлог на МАНУ. Мислам за овие предходни три кандидати, бидејќи два од нив се откажаа, еден стои. Дали имаме нов предлог? Немаме предлог.

**Љупчо Јордановски:** Ние ќе ги гласаме тие кои што се предложени, минус двајцата за кои што Комисијата утврди дека тие поднесоа писмена оставка на предлогот. Според тоа, ќе гласаме двајца помалку.

**Спиро Мавровски:** Претседателе рековте дека сме на крајот на мандатот, сега ако имаме тука предлог од Комисијата во кој што се пишува дека апсолутно не постои никаква ниту правна, ниту никаква друга пречка овие да не бидат кандидати за членови на Советот за радиодифузија. Сега наеднаш некој ги повлекува, или се повлекуваат. Во меѓувреме ние немаме друго решение и сега кој ќе ги бира овие останати двајца? Дали имате некоја идеа, или оставаме на изборите кој ќе каже.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, тоа ви е процедурално. Советот за радиодифузија може дополнително да се дополни кога ќе дојдат нови предлози. Сега ние имаме утврдени предлози од Комисијата, минус двајца кои што сами се повлекоа и тоа Комисијата на својата средба го утврди тоа нивно повлекување.

**Спиро Мавровски:** Во секој случај е многу неодговорна постапка, затоа што се крена толку прав во јавноста и во самата оставка на некои од овие господа кои што тука ги биравме. Како пратеник се чуствував многу непријатно кога некој се обидува и покрај тоа што е избран или не е избран да држи предавања колку, како може и колку знаел, а ние другите не знаме, се почуствував повикан како претставник на опозицијата. Но, за жал и едниот и другиот биле уредници во некој неделен магазин "Старт".

**Љупчо Јордановски:** Ве молам по предлогот господинот Милован Стефановски да биде избран за член на Советот за радиодифузија. Дали тоа што го зборувате вие, се однесува на него?

**Спиро Мавровски:** Не, господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е моментална тема на расправа и дискусија во овој Парламент.

**Спиро Мавровски:** Јас за господинот Милован Стефановски имам една забелешка во она што тој го напишал за себеси како писател, како кандидат на МАНУ и ч лен на Советот за радиодифузија, затоа што за разлика од овие другите тој не ја повлекол својата кандидатура и кажал дека нема никакви пречки во сето тоа. Но, еден пасус од она што ни го дава како пратеници да можеме да го прочитаме говори за доста работи и мислам дека ваквиот начин на комуникација и презенатација, мислам дека не е во ред. Уште во старт нешто се дава политичка конотација на сето ова. Мислам дека на овој начин, без разлика што немам ништо лично, човекот не го ни познавам. Но, ова што ќе ви го прочитам, сигурно дека поголем дел од колегите го виделе. Значи, од 1999 година до 2001 година соработувал, колумнист во "Утрински весник", со текстови кои наидуваат на голем одзив во пошироката јавност. "Тоа е период кога само на тој начин можев да ја обезбедам својата егзистенција, бидејќи токму поради овие колумни бев отпуштен од работа и не можев да обезбедам редовен работен однос". Мислам дека на ова тука апсолутно не му е местото и дека не е начин на овој начин некој да се презентира како претставник на МАНУ. Ако е тоа така, за мене не е во ред. И морам да ви кажам дека за ова што тука е презентирано јас не би гласал.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Предлогот Милован Стефановски да биде избран за член на Советот за радиодифузија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника, 55 гласале, 50 за, нема воздржан, 5 против.

Констатирам дека Милован Стефановски е избран за член на Советот за радиодифузија.

Отворам претрес по предлогот професот доктор Томе Груевски да биде избран за член на Советот за радиодифузија.

Ве молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот професор доктор Томе Груевски да биде избран за член на Советот за радиодифузија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеници, 56 гласале, 56 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека професор доктор Томе Груевски е избран за член на Советот за радиодифузија.

Отворам претрес по предлогот Зоран Стефановски да биде избран за член на Советот за радиодифузија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Зоран Стефановски да биде избран за член Советот за радиодифузија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни 58 гласале, 58 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Зоран Стефановски е избран за член на Советот за радиодифузија.

Отворам претрес по предлогот професор д-р Али Алиу, да биде избран за член на Советот за радиодифузија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот проф.д-р Али Алиу да биде избран за член Советот за радиодифузија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни 58 гласале, 58 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека проф.д-р Али Алиу е избран за член на Советот за радиодифузија.

Отворам претрес по предлогот Иван Андреевски да биде избран за член на Советот за радиодифузија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Иван Андреевски да биде избран за член Советот за радиодифузија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни 58 гласале, 58 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Иван Андреевски е избран за член на Советот за радиодифузија.

Отворам претрес по предлогот Мирче Адамчевски, да биде избран за член на Советот за радиодифузија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Мирче Адамчевски да биде избран за член Советот за радиодифузија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни 56 гласале, 56 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Мирче Адамчевски е избран за член на Советот за радиодифузија.

Отворам претрес по предлогот Илир Ајдини да биде избран за член на Советот за радиодифузија.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам пртседателе,

Повторно се враќаме на исто, немаме образложение зошто и како. Двајца членови фалат. Од девет члена ќе избереме седум. Полноправноста во одлучувањето не знам дали ќе биде како што треба затоа што одлуките ќе може да се носат со четири гласа, наместо пет и се доведува во прашање целата работа на Советот за Радиодифузија.

За господинот Илир Ајдини, сегашен член на Советот за радиодифузија и мислам дека е потпретседател, мислам дека со она што сме го работеле по комисии, апсолутно немам ништо против, но има една ситуација каде со Законот каде се третираше Советот за радиодифузија, во овој прв избор на Советот за радиодифузија, стоеше дека не смее да има членови кои сега се членови на Советот за радиодифузија. Сега ние го избираме, од сите тие, господинот Илир Ајдини, сегашен претставник на Советот за радиодифузија и продолжува да биде член на Советот за радиодифузија. Мислам, ако се прекршува правилото, тогаш треба да се прекршува или за сите, или за никој. На овој начин мислам дека токму, од она каде што требаше да добиеме најрегуларни предлози, токму тука стана најголемото недоразбирање. Значи од тројцата предложени двајца ги повлекоа своите кандидатури, а третиот е предложен на начин накој се прекршува, според мене, Законот за радиодифузија. Дали тоа е свесно направено, јас не знам дали е тука претседателот на Комисијата и очекував дека токму тој ќе образложи која е причината за поставувањето на господинот Илир Ајдини да биде член на Советот за радиодифузија, а и останатите двајца кои ја повлекоа својата кандидатура. Мислам дека треба да има објаснување и нашата Комисија, со образложение, за било кој кандидат понатаму, не носи во многу непријатна ситуација, ние како пратеници да гласаме за некого што уште не изгласан ќе ја повлече својата кандидатура, или пак откако ќе се стори тоа, повторно да биде разрешен, што ќе донесе уште поголеми проблмеи. Затоа очекував дека некој од таа Комисија, ако не е тука претседателот да даде објаснување за да можеме да се изјасниме токму по предлогот за член на Советот на радиодифузија да го избереме господинот Илир

Ајдини. Гледам тоа не се случува и по обичај нема ни да се случи, ќе биде изгласан, а после тоа некој ќе си дозволи да го промени и ќе биде политички проблем, а политичкиот проблем го прави уште од сега. Затоа, јас нема да гласам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Рустеми имате збор.

**Ејуп Рустеми:** Имам реплика во рамките на она што го кажа пратеникот Спиро Мавровски дека е повреден законот во однос на тоа што е предложен господинот Илир Ајдини да биде член на Советот за радиодифузија.

Вистина е дека во членот 27, ми се чини, од Законот се вели дека членовите на Советот за радиодифузија не смеат да бидат со два мандати избрани. Меѓутоа бидејќи и двајцата сме и јас и господинот Спиро Мавровски, членови на Комисијата за транспорт и врски и многу сме работеле на овој закон додека тој дојде до Собранието, господинот Спиро Мавровски добро би било да го прочита членот 167 каде се говори за тоа дека не важи за членовите кои биле до сега членови во Советот за радиодифузија. Значи не се повредува Законот, што се однесува на тоа дека господинот Илир Ајдини е член на Советот за радиодифузија. Бидејќи не се повредува Законот и е во согласност со него, тогаш би било добро тоа што господинот Ајдини е член на Советот за радиодифузија, затоа што ќе имаме континуитет во понатамошната работа во Советот за радиодифузија. За тоа колку и како работел, ние сме сведоци на тоа бидејќи секогаш сме ги разгледувале извештаите на Советот за радиодифузија и сите сме го поддржувале тој извештај и неговата досегашна работа. Една таква работа ја има докажано и самиот Илир Ајдини и е добро што тој е член на Советот за радиодифузија. За тоа не е добро, кога се повиккуваме на почитување на законот и јас мислам дека потполно се почитува Законот за радиодифузија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски иматет една минута контрареплика.

**Спиро Мавровски:** Почитуван колега јас во моето објаснување кажав што мислам за господинот Илир Ајдини. Од друга страна, не можеме, гледајќи ја и Комисијата во која сме работеле, да кажеме дека тоа е заслуга само на господинот Илир Ајдини. Советот за радиодифузија работел така како што работел и тие извештаи што доаѓале, доаѓале токму од таа Комисија и од тој Совет за радиодифузија.

Во интерес на континуитетот знаеете каква дебата се водеше и која беше заложбата за продолжение или континуитет на работењето на Советот, за која поголемиот дел не се согласија. Во овој случај сега испаѓа дека само господинот Ајдини е тој што ќе го продолжи континуитетот на Советот за радиодифузија. Токму тука е дилемата и токму тука се јавува тоа прашање.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Илир Ајдини да биде избран за член Советот за радиодифузија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни 56 гласале, 54 за, двајца воздржани, нема против.

Констатирам дека Илир Ајдини е избран за член на Советот за радиодифузија.

**Минуваме на точка 17. - Предлог за донесување на закон за државни награди, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за култура и дописите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Комисијата за образование, наука и спорт, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Дојчиновски.

**Кирил Дојчиновски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги.

Република Македонија, по осамостојувањето овие награди, како сега ги викаме државни награди, ги доделувавме по Законот од 1987 година, Законот за републички награди.

Со оглед на тоа што во праксата на нивното доделување, а и со потребата од политичко правно и терминолошко усогласување на овој закон, имавме одредени сугестии и една група на пратеници ги почитуваше нив и го подготви овој закон што денес е пред нас.

Сугестиите, пред се доаѓаат од претседателите на одборите во Собранието што ги доделуваат овие награди, тоа беа академиците Старделов, Матеја Матевски, Луан Старува и уште некои други. Ние сметаме дека тоа прашање навистина треба да го ставиме во еден нов закон кој денес е пред нас.

Исто така, некои од наградите веќе со времето доживееја свои трансформации. Да речеме наградата 25 мај која беше награда за физичка култура и спорт, како што самите знаеме, тие награди се доделуваат на крајот од секоја година, во последните десетина години, за одредени спортови и овде гледаме практично дека нема потреба од постоење на таква награда.

Исто така во овој период се појави потребата и да се воведе една нова награда, тоа е наградата Мајка Тереза, која, практично ни е во текстот, како што гледате, ја внесовме во однос на заслугите во остварувањето во областа на хуманоста, човековата солидарност и поттикнување и унапредување на меѓусебното разбирање, развој и соработка, како меѓународните, така помеѓу припадниците на различните заедници, култури и идеји. Сметаме дека заслужува внимание да се стави една ваква награда. Покрај тоа, мислевме дека некои награди премногу се доделуваа, да речеме 10, 5, итн., и тука е направена некоја корекција.

Сметаме дека сето тоа заслужува внимание денес да биде прифатено од страна на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за државни награди.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни, 53 гласале, 53 за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни, 49 гласале, 49 за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за култура поднесе амандмани на член 4 став 2, член 5 став 2, член 6 став 2, член 7 став 2, член 8, и за додавање нов член 21-а, по членот 21 со кои се согласи претставникот на предлагачите и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара зобр? (Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, 51 гласале, 51 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека законот е усвоен.

Почитувани пратеници, поради барање на повеќе политички партии, а и јас имам ангажмани, еве писмено бев известен, тука ја прекинувам седницата.

Писмено ќе биде известени за продолжување на седницата.

(Седницата прекина во 13,25 часот).